АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-984/19
31-05-2013 год.
СКОПЈЕ

ISO 9001:2000 SGS

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 136/07 ,130/08 ,97/10 и 53/11) пречистен текст службен весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје а врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-984/4 од 22.05.2013 година, Извештај од спроведена постапка бр.05-984/5 од од 22.05.2013 година и Извештај за текот на е-аукцијата од Комисијата за јавни набавки бр.05-984/18 од 30.05.2013 година, по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **01/2013** за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со е-аукција Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за
## Набавка и монтажа на пумпи за исфрлање на отпадни води

На основ на Записникот од отворање на понудите бр.05-984/4 од 22.05.2013 година Извештајот од спроведената постапка бр. 05-984/5 од од 22.05.2013 година и Извештај за текот на е-аукцијата од Комисијата за јавни набавки бр. .05-984/18 од 30.05.2013 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**01/2013** од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.05-984/2 од 15.04.2013 година,одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на е-аукција бр.05-984/11 од 23.05.2013 година за јавна набавка со постапка со прибирање на понуди со објава на оглас која завршува со е-аукција бр.**1/2013** година за Набавка и монтажа на пумпи за исфрлање на отпадни води, договорот за јавна набавка се доделува на:

**„МЗ СИГМА-ПУМПИ “ ДООЕЛ**

**Бул„Авној “ бр.40-2/3 Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 6 (шест) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

-Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално пркршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку, дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за стопанисување со деловен
- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива